Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

ИП1 29/XIV/212
Дата:22.04.2025 година - Гостивар

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Љатиф Љатифи, Виш инспектор со службена легитимација број **06-0014**, изврши Редовен инспекциски надзор во ДПТУ БУНАР ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар (Бензинска пумпа со седиште во С. Дебреше Гостивар), застапувано од Абдулхалим Јашари –управител и со Записник бр. ИП1 29-/XIV/212 од 18.04.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од Закон за животна средина, („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005.....99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 3/25), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, (Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Моб.тел. +389 70 286 698
Е-пошта info@sel.gov.mk
Сајт: www. sel.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel. Mob. +389 70 286 698
Posta-E info@ sel.gov.mk
Web. www.sel.gov.mk

## РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАДОЛЖУВА: ДПТУ БУНАР ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар (Бензинска пумпа со седиште во С. Дебреше Гостивар), застапувано од Абдулхалим Јашари – управител по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр. 29/XIV/212 од 18.04.2025 година и тоа:

1. Да изработи елаборат за заштита на животна средина или да го измени постојниот елаборат со цел да го усогласат своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животна средина.
   Рок:60 (шеесет) дена;

2. Да поднесе барање и добие Решение за одобрување на горенаведениот елаборат за заштита на животна средина до Министерство за животна средина и просторно планирање.
   Рок:60 (шеесет) дена;

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 и 2, на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 18.04.2025 година изврши Редовен инспекциски надзор врз правното лице ДПТУ БУНАР ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар (Бензинска пумпа со седиште во С. Дебреше Гостивар), при што се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 29/XIV/212 каде се констатира дека поседуваат елаборат за заштита на животната средина, исто така имаат и Решение за одобрување на елаборатот од страна на МЖСПП со бр. 11-4728/2 од 03.05.2010 година. Сепак горенаведениот правен субјект има нов сопственик и според член 24 став 6 треба да го изменат постојниот елаборат со цел да се усогласуваат своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животна средина.
При инспекцискиот надзор беа констатирани неправилности во работата на субјектот на надзорот кои беа наведени во записникот за извршениот инспекциски надзор
Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.

CamScanner

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр: 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 51/2011, 123/12,..129/15,39/16 и 99/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25) .

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00 (двестаипедесет) денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Гостивар под бр. ИП1 29/XIV/211 на ден 21.04.2025 година.

Виш Државен инспектор за животна средина

Д-р Љатиф Љатифи

Доставено до:
-Архива,
- ДПТУ БУНАР ДООЕЛ увоз –извоз Гостивар,

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Моб.тел. +389 70 286 698
Е-пошта info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel. Mob. +389 70 286 698
Posta–E info@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

CamScanner